# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

08 Октомври 2020 година, Гевгелија | Број 11 | Година XXXIX

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО**
**АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**Бр.11-359/3**
**01.07.2020 год.**
**ГЕВГЕЛИЈА**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

## О Д Л У К А
## за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година, со графички приказ на планот и текстуален дел.

### Член 2

Предлог Деталниот урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 115,282 ха.

Границата на планскиот опфат е:
-Од Север е дефинирана по осовина на магистрална сообраќајница булевар „Гевгелија" и продолжува на североисток по осовина на регионалниот патен правец Р 1102,
-Од Исток е дефинирана по осовина на регулирано речно корито на река„Рауљ" и продолжува по осовина на водотекот на коритото на реката Вардар, кадешто во целост се совпаѓа со границата на планскиот опфат на ГУП Гевгелија 2011-2021
-Од Југ границата е дефинирана по осовината на водотекот на река Сува Река
-Од запад границата се движи по осовина на постојните сообраќајни улици „Железничка" и ул. „Борис Кидрич" и во пресечна точка се спојува со осовина на магистрална сообраќајница бул.„Гевгелија".

Во планскиот опфат е ул.„Вардарски Рид", „Железничка", „Борис Кидрич", како и неколку постојни асфалтирани улици и земјени патеки.

### Член 3

Јавната презентација ке се организира во салата на Народниот Театар во Гевгелија на ден 10.07.2020 година (петок) со почеток во 12.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Предлог Детален урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**м-р Сашо Поцков**

---

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО**
**АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**Бр.11-359/4**
**01.07.2020 год.**
**ГЕВГЕЛИЈА**

Врз основа на член 35 став (3) и став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на